Врз основа на член 13, став (1) од Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија бр. 142/08, 148/09, 41/14, 55/16, 142/16 и 64/18) и член 5, став 1 од Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници и утврдување на висината на авторските надоместоци за други услуги на Државниот испитен центар, бр. 01-440/3 од 28.12.2022 година, бр. 01-176/3 од 1.3.2023 година и бр. 01-197/3 од 15.04.2024 година, а во врска со член 12, став 1 од Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија“, бр. 10/15, 145/15, 192/15, 30/16, 120/18 и 140/18), Државниот испитен центар Скопје распишува:

# ЈАВЕН КОНКУРС

## за избор на надворешни соработници – членови и заменици на членови на Комисијата за полагање на испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење

Државниот испитен центар Скопје распишува јавен конкурс за избор на 4 (четири) надворешни соработници, и тоа: 2 (двајца) членови и 2 (двајца) заменици на членови на Комисијата за полагање на испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење и

**Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве услови:**

- да имаат завршено најмалку високо образование – VII/2 степен или 300 кредити според Европскиот кредитен трансфер систем (ЕКТС) од областите опфатени со модулите Примена на информатичко-компјутерската технологија при менаџирање во образованието/ Теорија на организација/ Луѓето во организацијата/ Директоротот како педагошки раководител/Финансии/ Законодавство;
- да се вработени во високообразовна установа;
- да имаат најмалку 5 (пет) години работно искуство во воспитно-образовна или научна дејност и
- да имаат објавено стручни, односно научни трудови кои се во функција на соодветната област.

**Кандидатите задолжително ја доставуваат следнава документација:**

- пополнета пријава (образецот на пријавата е поставен на веб-страницата www.dic.edu.mк);
- копија од уверението/дипломата за завршено најмалку високо образование – VII/2 степен или 300 кредити според Европскиот кредитен трансфер систем (ЕКТС) од областите опфатени со модулите Примена на информатичко-компјутерската технологија при менаџирање во образованието/ Теорија на организација/ Луѓето во организацијата/ Директорот како педагошки раководител/Финансии/ Законодавство, заверена на нотар;
- потврда за најмалку 5 (пет) години работно искуство во воспитно-образовна дејност или научна дејност во оригинал или во копија заверена на нотар;
- потврда дека се вработени во високообазовна установа;
- копија од првата страница од објавените стручни, односно научни трудови кои се во функција на соодветната област.

Изборот на надворешни соработници - членови на Комисијата за полагање на испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење се врши на начин и во постапка утврдена со_Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници и утврдување на висината на авторските надоместоци и надоместоците за други услуги на Државниот испитен центар.

Комисијата за полагање на испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење има мандат од 4 (четири) години.

Конкурсот трае 5 (пет) работни дена од денот на објавувањето.

Пополнетата пријава со потребната документација се доставува ИСКЛУЧИВО ПО ПОШТА со препорачана поштенска пратка, или со брза пошта на следнава адреса: Државен испитен центар – Скопје ул. „Васил Ѓоргов“ б.б. 1000 Скопје, со назнака „За јавен конкурс за надворешни соработници – членови на испитна комисија“.

Нема да бидат разгледувани следниве пријави:

- пријавите доставени по истекот на предвидениот рок;
- нецелосно пополнетите пријави;
- пријавите кон кои не е доставена предвидената документација;
- пријавите кои не се доставени по пошта со препорачана поштенска пратка, или со брза пошта.

Дополнителни информации за конкурсот можат да се добијат на телефонскиот број 075 300 606, секој работен ден, од 10.00 часот до 14.00 часот.

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР СКОПЈЕ